Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 113, став 20 од Статутот на Општина Кавадарци, и донесената Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2020 година, глава IV, точка 22, Градоначалникот на Општина Кавадарци го дава следното:

Арх.бр.11-147/4

Дата:30.05.2022 година
Кавадарци
Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 66
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на**
**ПОВТОРНА Јавна Презентација и Јавна Анкета**

По **Детален урбанистички план за УЕ 6, Блок 6.2, „Автобуска станица" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци**.

Граници на планскиот опфат се :

- на север границата се движи во источен правец долж осовината на сервисната улица Бул. „Кочо Рацин“,при тоа истата претставува граница на урбана единица 6, како што е планирана со Измена и дополнување на ГУП на Град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ, 2016 – 2026, сè до почетната точка 2.
- на исток границата започнува од точка 2 и се движи во јужен правец долж осовината на улица „Орце Николов“, при тоа сечејќи ги КП 16473/1 и КП 16453, се до најисточната точка 1;
- на југ границата се движи во западен правец при што поминува низ оска на улицата „Охридска“, се до најјужната точка 7;
- на запад границата се движи долж осовината на сервисната улица „Илинденска“.

Површината на планскиот опфат изнесува 1,47 ха.

**ПОВТОРНАТА Јавна Презентација и Јавна Анкета** ќе се спроведе со излагање на **Детален урбанистички план за УЕ 6, Блок 6.2, „Автобуска станица" КО Кавадарци град, Општина Кавадарци** во просториите на Општина Кавадарци.

Јавната анкета трае од 06.06.2022 до 13.06.2022 година, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица

[redacted]

можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

ПОВТОРНАТА Јавна Презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 06.06.2022 година во 11.00 часот во просториите на Општина Кавадарци во Голема сала.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
д-р Митко Јанчев

Арх.бр.11-147/4

Дата:30.05.2022 година

Кавадарци

Република

Северна Македонија

Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 66
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk